КИРСМ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
DHOMA E PËRMBARUESVE TË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Бр.-Nr. 02-104/13
24.02 2026 год.-vit
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 77 став 1 точка ж) од Законот за извршување („Службен весник на РМ“ бр.72/16, бр.142/16, 233/18, 14/20 и 154/23), на седница на 20-то Редовно Годишно Собрание на Комората на извршители на РСМ, одржана во х.Панорамика.Скопје на ден 24.02.2026 година, се донесе следната

ОДЛУКА

Се усвојуваат измените на Статутот на Комората на извршители на Република Северна Македонија (пречистен текст) дел.број 03-369/12 од 17.09.2019 година и тоа за : член 23 став (1), член 50 и член 51 , така што гласат:

Член 23 став 1 од Статутот на КИРСМ се менува и гласи :

„Претседателот на Комората, членовите на Управниот одбор, Дисциплинската Комисија и Комисиите и телата од постојан карактер што ги избира Собранието се бираат за време од 3 години.“

Член 50 се менува и гласи:

‘’Изборот на Претседател на КИРСМ Скопје, се врши најмалку 3 месеци пред истекот на мандатот на Претседателот на Комората- редовна постапка за избор.

Управниот одбор е должен да го закаже редовниот избор со определување на време и место каде ќе се одржи изборот, најмалку 30 дена пред денот на одржување на изборот, а одлуката на УО на КИРСМ Скопје за свикување на Собрание на кое ќе се одржат изборите се доставува по електронски пат до секој извршител.

Ако Управниот одбор на КИРСМ Скопје не го закаже редовниот избор за Претседател, изборот ќе се одржи во рок од 3 месеци, пред истекот на мандатот на Претседателот, на седница на Вонредно Собрание на КИРСМ Скопје.

Кандидирањето за Претседател се врши по писмен пат со доставување на кандидатура до Комората, подржана од најмалку 5 извршители, заедно со согласноста за извршување на должност од кандидатот.

Предлагањето кандидати за Претседател се врши во рок од 15 дена од денот на објавување на изборот.

Доколку постапката за избор на Претседател поради дадена оставка или други причини се одржува пред истекот на мандатот на Претседателот, тогаш кандидирањето се врши во рок од 2 месеци пред денот на одржување на вонредните избори.

Секој кандидат за Претседател е должен да достави до Комората програма според која што ќе работи доколку биде избран за Претседател на Комората.

Ул. Костурски херои бр.66/4 Скопје
тел. 02 3225 674 тел/фах 02 3239 877
e -mail: izvrsitelinarm@yahoo.com

Секој кандидат е должен, усмно, пред Собранието да ја образложи својата програма за Претседател.

За претседател се смета избран оној кандидат кој добил мнозинство гласови од вкупниот број на членови на Собранието.

Ако ниту еден од кандидатите не добил мнозинсто на гласови од вкупниот број на извршители во првиот круг на гласање, се спроведува втор круг на гласање во кој влегуваат двајца кандидати кои добиле најмногу гласови.

Во вториот круг на гласање за Претседател се смета дека е избран кандидатот кој добил мнозинство гласови од присутните извршители кои гласале.

Член 51 се менува и гласи:

''Изборот на член на Управен одбор на КИРСМ Скопје, односно член на Дисциплинска Комисија при КИРСМ Скопје се врши најмалку во рок од 3 месеци пред истекот на мандатот- редовна постапка за избор.

Управниот одбор на Комората е должен да го закаже редовниот избор со определување на времето и местото каде ќе се одржи изборот најмалку 10 дена пред денот на одржување на изборот, а одлуката на УО на КИРСМ Скопје за свикување на седница на Собрание на кое ќе се одржат изборите се доставува по електронски пат до секој извршител.

Ако Управниот одбор на КИРСМ Скојпје не го закаже редовниот избор за член на Управен одбор, односно Дисциплинска Комисија при Комората, изборот ќе се одржи во рок од 3 месеци пред истекот на мандатот на седница на Вонредно Собрание на КИРСМ Скопје.

За член на Управен одбор на КИРСМ Скопје, член на Дисциплинска Комисија при КИРСМ Скопје се смета дека е избран оној кандидат кој добил мнозинство од гласовите од присутните членови на Собранието.

Доколку во првиот круг на гласање ниту еден од предложените кандидати не добие мнозинство гласови се спроведува втор круг на гласање, во кој влегуваат двајцата кандидати кои добиле најмногу гласови, а се смета за избран кандидатот што добил мнозинство од гласовите од присутните членови на Собранието.

При избор на членови на Управен одбор на КИРСМ Скопје се води сметка за пропорционална и територјална застапеност на извршителите од сите подрчја на Апелациоиите судови во РСМ.

Од кандидатската листа за подрачјето на Апелациониот суд Скопје се гласа за најмалку тројца кандидати, од кандидатската листа за подрачјето на Апелациониот суд Штип се гласа за најмалку еден кандидат, од кандидатската листа за подрачјето на Апелациониот суд Битола се гласа за најмалку еден кандидат, од кандидатската листа за подрачјето на Апелациониот суд Гостивар се гласа за најмалку еден кандидат, за член на УО на КИРСМ Скопје.

Ул. Костурски херои бр.66/4 Скопје
тел. 02 3225 674 тел/фах 02 3239 877
е -mail: izvrsitelinarm@yahoo.com

Со одлука на Собранието се определува бројот на членови на УО на КИРСМ Скопје, кој мора да биде непарен.
Доколку на член на УО на КИРСМ Скопје односно ДК при КИРСМ Скопје му престане должноста пред истекот на мандатот Управниот одбор ќе ја започне постапката за вонреден избор веднаш по престанок на должноста.

Доколку на мнозинство членови на УО на КИРСМ Скопје им престане должноста пред истек на мандатот Собранието ќе ја започне постапката за вонреден избор веднаш по престанокот на должноста''

Согласно член 91 од важечкиот Статутот на КИРСМ Скопје дел. Број. 03-369/12 од 17.09.2019 година (пречистен текст) измените на Статутот за член 23 став(1), за член 50 и за член 51 стапуваат во сила и ќе се применуваат со денот на објавување на веб-страницата на Комората.

КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Претседател,
Весна Деловска

Ул. Костурски херои бр.66/4 Скопје
тел. 02 3225 674 тел/фах 02 3239 877
e -mail: izvrsitelinarm@yahoo.com